Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16) и член 7 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17), а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението со предлог тарифа за регулиран период 2021 – 2023 година, на АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија под УП1 бр.08-127/21 од 8 јули 2021 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 септември 2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението на АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година**

1. На АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението и тоа:
   - за 2021 година во износ од 3,53 ден/m³.
   - за 2022 година во износ од 3,49 ден/m³;
   - за 2023 година во износ од 3,54 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
   - минималниот и максималниот опсег за 2021 година изнесува 3,09%.
   - минималниот и максималниот опсег за 2022 година изнесува 2,73%.
   - минималниот и максималниот опсег за 2023 година изнесува 2,32%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:
   - за 2021 година:
     - минимална просечна тарифа 3,42 ден/m³.
     - максимална просечна тарифа 3,64 ден/m³.
   - за 2022 година:
     - минимална просечна тарифа 3,40 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 3,59 ден/m³.
   - за 2023 година:
     - минимална просечна тарифа 3,45 ден/m³.
     - максимална просечна тарифа 3,62 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.
5. Утврдената тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението важи за регулиран период 2021-2023 година.
6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за регулиран период 2021-2023 година заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр.08-127/21 од 8 јули 2021 година (во натамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци, ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци, во барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за базната 2019 година:

| Опис | 2019 |
|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 359.187 |
| Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основни средства | 116.995 |
| Трошоци за осигурување на основни средства | 4.295 |
| Бруто плати | 558.133 |
| Други услуги | 10.284 |
| Останати и вонредни трошоци | 2.883.946 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 0 |
| **Вкупно оперативни трошоци** | **3.932.840** |

- Податоци за регулираниот период :

| Опис | Ед.мерка | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 4.180.820 | 4.317.720 | 4.374.150 |
| Амортизација | денари | 443.194 | 426.269 | 426.269 |
| Средства за ликвидност | денари | 0 | 0 | 0 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 0 | 0 | 0 |
| Принос на регулирани средства | денари | 161.193 | 139.167 | 117.569 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 4.785.207 | 4.883.156 | 4.917.988 |
| **Количина** | $m^3$ | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 4,70 | 4,81 | 4,86 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 4,62 | 4,74 | 4,80 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 4,79 | 4,88 | 4,92 |

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 16 август 2021 година го објави Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха “.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 25 август 2021 година на својата веб страница го објави Предлог Решението за утврдување на тарифа снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за регулиран период 2021-2023 година и ги повика сите заинтересирани страни да достават свои сугестии, забелешки и предлози.

По објавеното Предлог Решение, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги беа доставени забелешки од страна на АД Водостопанство на РСМ- Подружница Тиквеш Кавадарци.

Согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги бр.01-898 од 30 март 2020 година, ако за одлучување по прашањата од став (3) точки 4), 5) и 6) од член 5 Регулаторната комисија за енергетика утврди дека нема потреба од одржување на подготвителна седница, ќе донесе решение актот за кој се одлучува да се донесе на седница без одржување на подготвителна седница.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест, а во интерес на зачувување на здравјето на странките Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр. 02-1678/2 од 13 септември 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на ова решение, без одржување на подготвителна седница.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

При анализа на доставените податоци во Барањето, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 2.310.904 | 2.310.904 | 2.357.117 |
| Амортизација | денари | 443.194 | 426.269 | 426.269 |
| Средства за ликвидност | денари | 14.576 | 14.382 | 14.505 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 0 | 0 | 0 |
| Принос на регулирани средства | денари | 161.193 | 139.167 | 117.569 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | **2.929.868** | **2.890.722** | **2.915.460** |
| **Количина** | $m^3$ | **805.925** | **805.925** | **805.925** |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | **3,53** | **3,49** | **3,54** |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | **3,42** | **3,40** | **3,45** |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | **3,64** | **3,59** | **3,62** |

Со цел утврдување на оперативните трошоците за регулираниот период, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за базната 2019 година примени клуч на распределба на оперативните трошоци согласно процентуалното учеството на испорачаната количината на ЈКП Кавадарци од страна на АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци во вкупната количина која АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци ја испорачува на Хидро Бошава ДООЕЛ Кавадарци. При утврдување на клучот на распределба на оперативните трошоци, Регулаторната комисија за енергртика и водни услуги ги имаше в предвид испорачаните количини за периодот од 2018 до 2020 година. Вака утврдените трошоци во базната година, за годините од регулираниот период се зголемени за стапката на инфлација утврдена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија (2,2 % за 2021 година и 2% за 2022 година), со исклучок на даноците, придонесите и други давачки кои се задржани на исто ниво како во базната 2019 година. Вака пресметани оперативните трошоци се утврдени да изнесуваат:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 680.031 денари за 2021 година, во 2022 година се задржани на исто ниво 680.031 денари, а во 2023 година се зголемени за стапката на инфлација утврдена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија од 2% за 2022 година и истите изнесуваат 693.632 денари;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства изнесуваат 198.070 денари за 2021 година, во 2022 година се задржани на исто ниво 198.070 денари, а во 2023 година се зголемени за стапката на инфлација утврдена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија од 2% за 2022 година и истите изнесуваат 202.032 денари;
3. Трошоците за осигурување на основни средства изнесуваат 8.132 денари за 2021 година, во 2022 година се задржани на исто ниво 8.132 денари, а во 2023 година се зголемени за стапката на инфлација утврдена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија од 2% за 2022 година и истите изнесуваат 8.294 денари;
4. Трошоците за бруто плати изнесуваат 1.056.686 денари за 2021 година, во 2022 година се задржани на исто ниво 1.056.686 денари, а во 2023 година се зголемени за стапката на инфлација утврдена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија од 2% за 2022 година и истите изнесуваат 1.077.820 денари;

5. Трошоците за други услуги изнесуваат 19.470 денари за 2021 година, во 2022 година се задржани на исто ниво 19.470 денари, а во 2023 година се зголемени за стапката на инфлација утврдена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија од 2% за 2022 година и истите изнесуваат 19.860 денари;
6. Трошоците за останати и вонредни трошоци изнесуваат 348.256 денари за 2021 година, во 2022 година се задржани на исто ниво 348.256 денари, а во 2023 година се зголемени за стапката на инфлација утврдена од страна на Народна банка на Република Северна Македонија од 2% за 2022 година и истите изнесуваат 355.221 денари;
7. Даноците, придонесите и други давачки кои не зависат од резултатот на работењето се задржани на исто ниво за сите три години од регулираниот период како во базната 2019 година во износ од 259 денари;

Амортизацијата на основните средства со кои се врши водната услуга изнесува 443.194 денари за 2021 година, 426.269 денари за 2022 година и 426.269 денари за 2023 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 14.576 денари за 2021 година, 14.382 денари за 2022 година и 14.505 денари за 2023 година.

Приносот на регулираните основни средства за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за 2021 година изнесува 161.193 денари, за 2022 година изнесува 139.167 денари и за 2023 година 117.569 денари.

Количината на сурова вода наменета за водоснабдување на населението, е утврдена согласно просечно испорачаната количина на вода од страна на АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци на ЈКП Кавадарци за периодот од 2018 до 2020 година. Вака утврдената количина на сурова вода за секоја од годините на регулираниот период изнесува 805.925 $m^3$.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението да изнесува 3,53 ден/$m^3$ за 2021 година, 3,49 ден/$m^3$ за 2022 година и 3,54 ден/$m^3$ за 2023 година.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението изнесува 3,09% за 2021 година, 2,73% за 2022 година и 2,32% за 2023 година.

АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ - Подружница Тиквеш Кавадарци при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга и амортизација на сопствените основни средства, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства, средствата за ликвидност, како и приносот на регулираните основни средства. Исто така во процесот на донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ – Тиквеш Кавадарци треба да ги има во предвид ефектите од измена на постојната тарифа за сурова вода во крајната цена на водата за пиење која преку давателот на услугата за водоснабдување на населението се фактурира до крајните корисници во подрачјето на Општина Кавадарци.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува АД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ – Подружница Тиквеш Кавадарци да води одвоена сметководствена евиденција за водната услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16).

**УП1 бр. 08-127/21**
**13 септември 2021година**
**Скопје**

**Заменик Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Enver Elmazi**